СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Седумдесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29 јули 1994 година

Скопје, јули 1994 година

## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Седумдесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29 јули 1994 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала број 1), со почеток во 13,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Присутни се 59 пратеници.

Констатирам дека нема доволен број на присутни во салата за да можеме да работиме. Затоа ви предлагам во 15 часот да го извршиме второто пребројување и утврдување на точен број на присутни пратеници.

(Второто пребројување се изврши во 15,13 часот).

Констатирам дека се присутни 54 пратеници.

Очигледно не можеме да работиме.

Бидејќи ни претстојат неколку дена прослава, сите пратеници присутни овде во салата и оние кои не се присутни уште еднаш ги потсетувам дека добиле уредни покани за обврските што ги имаат на 1 август и на 2 август. Тоа е прво, без оглед што некои можеби се на годишен одмор. Јас ги молам да ги прекинат одморите и да си ги извршат тие обврски. Инаку очигледно не сме во состојба да работиме на овој начин и мислам дека и вие се согласувате продолжувањето да биде после 20 август. За точниот датум и време на одржување за продолжувањето на седницата посебно ќе ве известиме.

Седницата прекина заради немање кворум во 15,35 часот.